# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

Општина Штип

# Проектот (Мрежа ЈЕС) на УСАИД



Со поддршка од проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС) на УСАИД во општина Штип ќе се основа локален економско-социјален совет (ЛЕСС).
Штип е трета од шесте општини со кои Мрежата ЈЕС на УСАИД соработува со цел да се создадат локални економско-социјални совети. Советите ќе бидат клучни во отпочнувањето и одржувањето на дијалог меѓу приватниот и јавниот сектор помеѓу сите засегнати страни во заедницата кои се заинтересирани за локалните економски активности и прашањата поврзани со вработувањето на младите.
Освен претставници од општината, членовите на ЛЕСС ќе вклучат и претставници од работодавачите, работниците, граѓанскиот сектор, образованието и агенциите за вработување.

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

# АКТИВНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛЕСС

- Формиран со поддршка на УСАИД проектот Мрежа ЈЕС - Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување
- Размена на искуства од веќе постоечки ЛЕСС (Добри практики од Хрватска и Куманово) – Тема на дискусија на Конференцијата за јавно–приватен дијалог (28-29 октомври 2011г.)
- Општина Штип покажа интерес за вклучување во сите активности на проектот.
- Мрежата ЈЕС на УСАИД ќе му помогне на ЛЕСС да ги развие своите капацитети за да се вклучи во продуктивна дебата и консултации, а притоа ќе ги дефинира локално релевантните совети и предлози до Општината во врска со социјалните и економски промени кои треба да се разгледаат и спроведат.



# Потпишана Спогодба за основање на ЛЕСС на Општина Штип

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

**Со потпишување на Спогодба за основање на Локален Економско Социјален совет, Општина Штип, Организацијата на работодавачи, Сојузот на синдикати на Македонија-синдикална канцеларија Штип и Конфедерација на слободни синдикати на Македонија основаа Локално Економско Социјален Совет на Општина Штип,како заедничко консултативно и советодавно тело на Општина Штип**

**Седиштето на ЛЕСС се наоѓа во Општина Штип**

## ЧЛЕНОВИ НА ЛЕСС НА ОПШТИНА ШТИП

ЛЕСС брои 9 члена и тоа:

- Општина Штип 3 члена
- Организација на работодавачи 3 члена
- Сојуз на синдикати на Македонија 2 члена
- Конфедерација на слободни синдикати на Македонија 1 член

Во работата на ЛЕСС партиципираат:

- Агенција за вработување на Република Македонија- Центар за вработување Штип 1 член
- Регионална занаетчиска комора-Штип 1 член
- Текстилен кластер 1 член
- Агенција за привремени вработувања 1 член
- Претставник од НВО секторот 1 член
- Претставник од Универзитет “Гоце Делчев” Штип 1 член
- Претставник од средните училишта 1 член
- Претставник од Советот на млади-Штип 1 член
- Претставник од ЦРИП 1 член

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

- Работа на ЛЕСС е јавна, а седниците ги води Претседавач;

- Организациски и административно-технички работи за потребите на ЛЕСС ги извршува Секретаротот на ЛЕСС, кого ЛЕСС го бира на 4 години ;

- Организацијата и начинот на работа на ЛЕСС е уреден со Деловник за работа кој е усвоен на седница на ЛЕСС;

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

**Првата конститутивна седница** на Локален Економско Социјален Совет на Општина Штип се одржа на ден 09.02.2013 година во салата на Советот на Општина Штип.

**На седницата присуствуваа членовите на ЛЕСС како и членовите кои партиципираат во работата на ЛЕСС на Општина Штип.**

# ЗАДАЧИ НА ЛЕСС НА ОПШТИНА ШТИП

- Воспоставување, поттикнување и развој на социјален дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво;
- Воспоставување, поттикнување и развој на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор особено меѓу системот за образование и за поддршка при вработување од една страна и работодавачите од друга страна;
- стимулирање и поддржување на приватниот сектор за учество во дијалогот;
- Воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните сујекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем;
- вклучување на младите во регионалниот дијалог преку нивно учество во ЛЕСС;
- Размена на мислења и информации и постигнување на согласност околу важни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа (разгледување на клучни развојни документи на општината кои имаат влијание врз економско социјалниот развој на општината, вклучително и особено прашањето за подобрувањето на вештините за вработување кај младите);
- Покренување на зеднички иницијативи за измена на постоечки и донесување на одлуки од надлежност на локалната самоуправа;

# ЗАДАЧИ НА ЛЕСС НА ОПШТИНА ШТИП

- Учество во креирање на законските решенија кои влијаат на материјална и социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници и работници технолошки вишок, пензионери, младите, жените и др.;
материјална, економска и социјална положба на работниците и работодавачите во општината;
- Развивање на колективното договарање, преговарање и склучување на ниво на претпријатијата и установите;
следење и давање оценки на влијанието на локалните политики врз економската и социјалната стабилност, развојот и животниот стандард во општината;
- Следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд
- Разгледување и предлагање мерки за унапредување на квалитетот на животот на граѓаните во општината;
- Поттикнување на методи на мирно решавање на колективни/индивидуални работни спорови на локално ниво;
меѓусебно информирање за важните прашања од дејноста на социјалните партнери;
- здавање на весници и,брошури и други публикации од делокругот на ЛЕСС.



**ОБУКА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ**

- хотел Манастир –Берово *02-03 Март2013г.*

- Како резултат на соработката помеѓу проектот на УСАИД/Мрежа ЈЕС (*Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување*) и општина Штип во насока на подобрување на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор на локално ниво, а со цел да се подобрат можностите за вработување на младите, беше организирана Обука за Стратешко планирање во хотел Манастир –Берово на ден *02-03 Март2013г* .

*Обуката за Стратешко Планирање* се одржа со цел да се започне организациски процес за дефинирање на мисијата, визијата, како и целите на локалниот Економско Социјален Совет на општина Штип, вклучително и насоки на делување, при што како краен резултат ќе биде подготвен документ – *Стратешки План на ЛЕСС.*





- *Фотодокументација*

Обука за стратешко планирање на која членовите на ЛЕСС на Општина Штип го изработуваа Стратешкиот план на ЛЕСС на Општина Штип

# Стратешко планирање Локален економско-социјален совет на Општина Штип

Финалните подготовки за изработка на Стратешкиот план за работата на ЛЕСС беше организиран на уште една работилница која се одржа во хотел Изгрев во Штип на 04 јуни 2013 година.

На работилницата беа дефинирани визијата, мисијата, вредностите како и стратешките цели за работата на Локален економско-социјален совет на Општина Штип.

# ВИ БЛАГОДАРАМ